Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура

100-годишнина од раѓањето на Блаже Конески, поет и филолог (1921-1993)

Чествувана во соработка со УНЕСКО

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Година во чест на Блаже Конески 2021

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ — СКОПЈЕ**



# МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

## ПРВА ЗИМСКА ШКОЛА

---

# ПРОМОЦИЈА НА ЗБОРНИКОТ

# *КОНЕСКИ НА 11 ЈАЗИЦИ*

**Скопје**
**3 јуни 2021 година**
**12 часот (на далечина / на платформата Зум)**





Оваа 2020/21 академска година, кога се одбележува големиот јубилеј **100 години од раѓањето на великанот Блаже Конески**, се одржа и **ПРВАТА ЗИМСКА ШКОЛА** (на далечина) на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

По само неколку месеци од одржувањето на оваа школа, излезе зборникот со преводите на семинаристите – учесници на Школата, инаку слушатели на двата напредни курса за литература и за преведување. Во Зборникот се објавени и текстови со сеќавања за Конески од странски македонисти.

По тој повод, Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (МСМЈЛК) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ) организира

**ПРОМОЦИЈА НА ЗБОРНИКОТ**

***КОНЕСКИ НА 11 ЈАЗИЦИ***

**на 3 јуни 2021, во 12 часот**

**на платформата Зум**

СВЕЧЕНА РЕЧ:
**проф. д-р Никола Јанкуловски**
ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“
во Скопје

ПРИГОДНА РЕЧ:
**проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска**
директорка на МСМЈЛК при УКИМ

ПРОМОТОРИ:
**проф. д-р Намита Субиото**
Филозофски факултет на Универзитетот во Љубљана,
Република Словенија

**проф. д-р Даниела Костадиновиќ**
Филолошки факултет на Универзитетот во Ниш,
Република Србија

На промоцијата на Зборникот, своите искуства од Првата зимска школа на МСМЈЛК при УКИМ ќе споделат Роза Тасевска и проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска.

Свое учество ќе имаат и лектори по македонски јазик, литература и култура на неколку универзитети: м-р Марија Пандева на МГУ „Ломоносов“ (Руска Федерација), м-р Марина Цветаноска на Истанбулскиот универзитет (Република Турција) и м-р Биљана Стојановска на Универзитетот во Риека (Република Хрватска).

На промоцијата, семинаристите на Првата зимска школа на МСМЈЛК при УКИМ ќе прочитаат свои препеви / преводи на песни и кратки прозни текстови од Конески остварени во текот на Школата и објавени во Зборникот.

Да уживаме во *КОНЕСКИ НА 11 ЈАЗИЦИ*!